Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 99, 1 април 2013 година

април 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во во сите звања за наставно-научната област фискална економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област соло пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Одбрани текстови од управување со информациски системи“ од авторите доц. д-р Зоран Здравев и асс. д-р Александар Крстев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕОФИЗИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2202-356/6 од 18.12.2012 година, донесена на 16/2012 седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање асистент за научната област ***геотехника*** на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во состав:

- д-р Тодор Делипетров, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Војо Мирчовски, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Гоше Петров, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 27.11.2012 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Ѓорги Димов, асистент на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Ѓорги Димов** е роден на 29 април 1979 година во Штип, каде што завршува основно и средно образование. Во учебната 1998/1999 година се запишува на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, каде што дипломира во 2004 година на Одделот за геологија, Катедра за геологија и геофизика, со просечна оценка 8,19.

Во 2005 година се запишува на постдипломски студии на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, Катедра за геологија и геофизика, насока Регионална геологија, каде што магистрира во 2009 година, со просечна оценка 9,6, на тема со наслов „Инженерско-геолошки карактеристики на околината на Охридското Езеро".

Во 2009 година на м-р Ѓорги Димов му е пријавена и одобрена тема за изработка на докторска дисертација со наслов *„Методологија на исдражување и дефинирање на инженерско-геолошките карактеристики на наоѓалиштата на архитектонско-градежен камен во Р. Македонија"*.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот м-р Ѓорги Димов по дипломирањето е вклучен скоро во сите активности на Катедрата за геологија и геофизика на Факултетот за природни и технички науки во Штип.

Во 2007 година се вработува како помлад асистент - приправник на Факултетот за информатика каде што ги покрива предметите Интернет технологии, Е-општество и Оперативни системи.

Во 2011 преминува на Факултетот за природни и технички науки, на Катедрата за хидрологија и геотехника и ги покрива предметите од областа на инженерската геологија, регионалната геологија и географија на Факултетот за природни и технички науки.

Кандидатот е член на ННС на Факултетот за природни и технички науки, а веќе неколку години по ред е член на Комисијата за упис на Факултетот за природни и технички науки.

***Реализирани проекти***

– Дополнителен рударски проект за експлоатација на лапорци на површинскиот коп „Усје“ – Скопје – 2012.
– Извештај за санација на свлечиштето во површинскиот коп „Усје“ при Титан цементарница Усје – 2011.
– Correlation between Eocene flysch sediments of Macedonia and Slovenia and its impact on the regional paleogeographic studying of the flysh basins – 2007.

***Студии***

– Физибилити студија за почеток на експлоатација на јаглен од јагленовото наоѓалиште „Неготино" - Неготино, 2010.

***Извештаи***

– Извештај за санација на свлечиштето во површинскиот коп „Усје" - Групација Титан цементарница „Усје“ АД Скопје, 2011.

***Вработување и работно искуство***

– 2007 - 2011 - Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за информатика (помлад асистент).
– 2011 - Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за природни и технички науки (асистент).

***Список на објавени трудови од последниот избор до денес***


1. Petrov Gose, Stojanova Violeta, Smuc Andrej and Dimov Gorgi (2010) *Tectonic Evolution of the Paleogene Basins in the Republic of Macedonia*. Geologica Macedonica, 24 (1). pp. 31-37. ISSN O352-1206.
2. Dimov Gorgi and Zdravev Zoran (2011) *Using Online Tools For Effective Learning In Basic It Courses (Koriscenje online alatki za efikasno ucenje u osnovnim IT kursevima)*. In: TIO6 - Technology, Informatics and Education for Learning and Knowledge Society 2011, 01-03 June, 2011, Cacak.
3. Zdravev Zoran and Dimov Gorgi and Krsteva Silvana (2011) *E-learning in Higher Education through E-learning center.* In: The 8th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2011), March, 2011, Hotel Molika - Pelister, Bitola, Macedonia.
4. Zdravev Zoran and Dimov Gorgi (2011) *It For Non It Students--Effective Learning Through Blended Course*. In: CiitT 2012 8th Conference on Informatics and Information Technologies with International Participation, 16-18 March 2012, Hotel Molika - Pelister, Bitola, Macedonia.
5. Krsteva Silvana and Dimov Gorgi and Zdravev Zoran (2011) *Implementation of E–Learning on UGD through Basics of ICT Course*. In: VI International Balkan Congress for Education and Science: THE MODERN SOCIETY AND EDUCATION. Faculty of Pedagogy "St. Kliment Ohridski" – Skopje, Republic of Macedonia, pp. 1065-1071. ISBN 978-9989-823-33-6.
6. Doneva Blagica and Delipetrev Marjan and Dimov Gorgi and Delipetrov, Todor (2012) *Геоелектрични и сеизмички методи како можност за дефинирање на физичко-механичките особини на карпите*. Zbornik na trudovi Podeks-Poveks 2012, 6 (1). pp. 27-32. ISSN 978-9989-2921-8-7.
7. Doneva Blagica, Delipetrev Marjan, Delipetrov Todor and Dimov Gorgi (2012) *Geoelectrical measurements with Terrameter SAS 1000*. 12-th International multidisciplinary scientific conference SGEM 2012, 2. pp. 563-568. ISSN 1314-2704.
8. Dimov Gorgi and Doneva Blagica and Delipetrev Marjan and Delipetrov Todor (2012) *Инженерско-геолошки карактеристики на неврзаните карпи од околината на Охридското Езеро*. Втор конгрес на геолозите на Република Македонија; Посебно издание на Geologica Macedonica No 3. pp. 163-168. ISSN 0352-1206.

9. Doneva Blagica, Efnusev Ljupce and Dimov Gorgi and Postolova Sanja (2012) *Геоелектричен модел на Кочанската депресија*. 2 Конгрес на геолозите на Република Македонија; Посебно издание на Geologica Macedonica No 3, 2 (3). pp. 413-418. ISSN 0352-1206.
10. Blažev Krsto, Doneva Blagica, Delipetrev Marjan and Dimov, Gorgi (2012) *Наоѓалишта на вулкански туфови и бречи*. Zbornik na trudovi Podeks-Poveks 2012, 6 (1). pp. 17-21. ISSN 978-9989-2921-8-7.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот м-р Ѓорги Димов, Комисијата констатира дека тој располага со високи образовни, научни и стручни квалитети, потребни за извршување на асистентските задолженија. Од табеларниот преглед за вреднување на активностите на м-р Ѓорги Димов, во изборниот период 2010 - 2013 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, констатираме дека кандидатот има **46** поени, со што ги задоволува критериумите за избор во звањето асистент.

Според претходно изнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при **Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип кандидатот м-р Ѓорги Димов да го избере во звањето асистент за научната област *геотехника*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Тодор Делипетров, ред. проф. на ФПТН, с.р.**
**Д-р Гоше Петров, вон. проф. на ФПТН, с.р.**
**Д-р Блажо Боев, ред. проф. на ФПТН, с.р.**

# П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Ѓорги Димов, асистент, во изборниот период 2010 - 2013 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра, 2 х14, по три години) | 28 | 0.2 | **16.8** |
| | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во земјата 3,4,5,6,8,10) | 6 | 1 | **6** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во странство 2,7) | 2 | 2 | **4** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во домашно научно списание (1,9) | 2 | 3 | **6** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Учесник во научен проект (билатерален) | 1 | 3 | **3** |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Елаборати | 1 | 2 | **2** |
| Извештаи | 2 | 0,1 | **0,2** |
| Член на факултетска комисија | 2 | 2 | **4** |
| | | | |
| ВКУПНО | **46** | | |